Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-422/6

16-07-2024 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-422/1 од 27.5.2024 година поднесена од [redacted] од Скопје, со адреса на [redacted] од Скопје, со адреса на ул. [redacted] против [redacted] Карате федерација на Македонија, за извршена дискриминација врз основа на личен или општествен статус во областа на образование, наука и спорт, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-422/1 од 27.5.2024 година поднесена од [redacted] против [redacted] на Карате федерација на Македонија, за извршена дискриминација врз основа на личен или општествен статус во областа на образование, наука и спорт **ЗАРАДИ НЕУРЕДНОСТ.**

## Образложение

На ден 27.5.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од страна на [redacted] против [redacted] на Карате федерација на Македонија, за извршена дискриминација врз основа на личен или општествен статус во областа на образование, наука и спорт.

На ден 28.5.2024 година подносителот [redacted] достави Дополнување на претставката со бр. 08-422/2 со прилог Редослед на писмени документи, решенија, одлуки и пресуди поврзани со предметот и Одлука за казнување на [redacted]

На ден 30.5.2024 година подносителот [redacted] достави ново Дополнување на претставката со бр. 08-422/3 со кое го достави член 39 од Статутот на Карате федерацијата на Македонија кој се однесува на правата и должностите на претседателот на федерацијата.

Согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

Од причина што во претставката не беа наведени факти и околности во врска со наведената дискриминаторска основа, односно не беше образложен личниот или општествен статус на подносителите врз кои го темелат тврдењето за сторена дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 31.5.2024 година испрати Барање за доуредување на претставката до подносителот [redacted]. Со барањето подносителот беше задолжен во рок од 8 дена од приемот на барањето да ја доуреди претставката во насока што ќе ја објасни дискриминаторската основа.

На ден 5.6.2024 година подносителите на претставката лично во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација доставија Дополнување-Изјава со која [redacted] се приклучува кон претставката поднесена од страна на [redacted]

Од причина што претставката не беше соодветно доуредена во законски предвидениот рок од страна на подносителите, односно не беше образложен личниот или општествен статус на подносителите врз кои го темелат тврдењето за сторена дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката заради неуредност.

Скопје
16.7.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател
Игор Јадровски

Доставено до:
- [redacted]
-

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk